

FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

# МАКРОЕКОНОМСКИ МОНИТОР

Декември 2019

8(3)

Во третиот квартал од 2019, **БДП порасна за 3.6%**, опстојувајќи на релативно **стабилната патека** која отпочна порано, придружена со широкопојасност на растот во сите сектори, со исклучок на преработувачката индустрија (-0.5%). На расходната страна, значителниот раст на **бруто инвестициите** е потенцијална рефлексија на подобреното инвестициско окружување, но варијабилноста на инвестицискиот раст е присутна и треба да се следи внимателно. Последното е особено важно бидејќи, во третиот квартал, како и во неколку претходни квартали, отсуствуваше **владин фокус** врз економијата и продолжи значајната подреализација на државните **капитални инвестиции** (37.7% за првите три квартали).

Позитивните придвижувања кај БДП се проследени со **понатамошно намалување на невработеноста на 17.1%** на крајот од третиот квартал, иако **забавувањето на падот** забележано во претходниот квартал е сѐуште присутно. Овој пад и понатаму се должи на **зголемената побарувачка за работници во приватниот сектор**, но забавувањето е рефлексија на недостигот од квалификуван кадар, што ќе се провлекува и во следните квартали. Падот на невработеноста кај младите (15-24) е значаен: над 10 процентни поени на годишна основа, за што значајно (но не и ексклузивно) влијание вршат мерките на пазарот на трудот (на пример, „Младинска гаранција“).

Согласно ваквите резултати и очекуваните движења до крајот на 2019 и во 2020, Finance Think ја задржува проекцијата за растот на БДП во 2019 на 3.5%. **Проекцијата за растот на БДП во 2020 изнесува 4%.** Ризиците врз растот остануваат значајни: неотпочнување на процесот на преговори со Европската Унија, подизвршување на капиталните инвестиции на државата, предвремените парламентарни избори и забавување на глобалната економија.

## РАСТ И ИНФЛАЦИЈА










| Годишен раст, % | 1Q2019 | 2Q2019 | 3Q2019 |
|---|---|---|---|
| БДП ЕУ 28 | 0.5 | 1.4 | 1.3 |
| БДП Македонија | 3.9 | 3.4 | 3.6 |
| **Годишен раст, %** | **1Q2019** | **2Q2019** | **3Q2019** |
| Вкупна инфлација | 1.2 | 1.2 | 0.6 |
| Базична инфлација | 0.9 | 0.9 | 0.8 |

## ПАЗАР НА ТРУД










| % | 1Q2019 | 2Q2019 | 3Q2019 |
|---|---|---|---|
| Стапка на активност (%) | 57.1 | 57.1 | 57.2 |
| Невработеност на млади (%) | 37.0 | 34.9 | 35.3 |
| Просечна нето плата (ден.) | 24,434 | 25,087 | 25,128 |
| Раст на продуктивност (%) | 3.62 | (0.96) | (3.45) |

## ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ










| Годишен раст | 1Q2019 | 2Q2019 | 3Q2019 |
|---|---|---|---|
| M2 | 13.4% | 10.6% | 11.6% |
| Депозити | 11.1% | 10.5% | 10.1% |
| Кредити | 9.4% | 6.4% | 1.7% |
| Девизни резерви | 11.2% | 10.8% | 14.8% |

## НАДВОРЕШНА СМЕТКА










| % од БДП | 1Q2019 | 2Q2019 | 3Q2019 |
|---|---|---|---|
| Трговско салдо | -13.7% | -11.6% | -8.9% |
| Приватни трансфери | 13.7% | 16.3% | 20.6% |
| Тековна сметка | -6.0% | -1.4% | 6.5% |
| Странски инвестиции | 1.6% | 0.4% | 2.2% |
| Девизни кред. / вкупни кред. | 27.8% | 27.5% | 27.6% |










## ЈАВНИ ФИНАНСИИ




*Во К1-К3-2019, буџетскиот дефицит изнсува 1.6% од БДП и, иако во линија со намерата за постепена фискална консолидација, е под проекцијата за дефицитот во текот на целата година (2.5%).*




*Во К1-К3-2019, пензискиот дефицит е реализиран пропорционално (77.4%).*




*Во К1-К3-2019, здравствениот дефицит е реализиран пропорционално (73.9%).*




*Во К1-К3-2019, капиталните инвестиции се значајно под-реализирани, со само 37.7%.*

# ИНДУСТРИСКИ БЛИЦ

| | Индустриско производство | | | Работници во индустријата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1Q/19 | 1-2Q/19 | **1-3Q/19** | 1Q/19 | 1-2Q/19 | **1-3Q/19** |
| Енергија | 16.2 | 19.5 | **25.8** | (0.5) | (0.9) | **(1.2)** |
| Интермедијарни производи, освен енергија | 9.0 | 4.2 | **1.9** | 0.9 | (0.4) | **(1.0)** |
| Капитални производи | 12.3 | 4.2 | **6.3** | 13.6 | 8.5 | **7.3** |
| Трајни производи за широка потрошувачка | 2.0 | 1.9 | **8.2** | (3.6) | (4.5) | **(4.4)** |
| Нетрајни производи за широка потрошувачка | 0.3 | (0.6) | **(0.2)** | (3.9) | (4.4) | **(4.6)** |
| Производство на прехранбени производи | 2.0 | (1.4) | **(1.1)** | 1.4 | 0.0 | **(1.1)** |
| Производство на метали | (28.7) | (43.1) | **(29.8)** | 2.2 | (1.3) | **(2.7)** |
| Производство на облека | (7.7) | (6.3) | **(7.7)** | (4.5) | (4.9) | **(5.4)** |
| Производство на неметални минерални производи | 20.9 | 3.3 | **(2.6)** | (1.3) | (1.2) | **(0.3)** |
| Производство на тутунски производи | (4.5) | (13.5) | **6.3** | (10.7) | (8.3) | **3.3** |
| Производство на пијалаци | 26.0 | 12.8 | **14.1** | 4.1 | (0.8) | **(2.5)** |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | (1.6) | 10.3 | **6.2** | 1.8 | (1.8) | **(3.0)** |
| Производство на електрична опрема | 16.4 | 17.0 | **18.0** | 0.3 | (1.8) | **(2.6)** |
| Производство на фабрикувани метални производи | (17.0) | (18.7) | **(15.5)** | 0.7 | (3.5) | **0.8** |
| Вкупно | 8.8 | 4.8 | **5.6** | 0.4 | (1.0) | **(1.4)** |

5 години FINANCE THINK

# ЗА FINANCE THINK

Finance Think е непрофитен институт за економски истражувања и политики. Основан е во во 2012 година.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да го подобриме влијанието на економските, социјалните и развојните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за демократските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Врз основа на статутот, Finance Think се стреми да постигне **три статутарни цели**. Тие се:

- Да придонесе кон подобрување на економските, социјалните и развојните политики и реформи преку продуцирање докази, базирани на истражување и водени од податоци.
- Да се зголеми ефектот од производите на Finance Think врз целните групи (вештини), донесувањето политики (политики и реформи) и општеството (свесност).
- Да се развие институционалниот капацитет на Finance Think, во смисла на истражување, застапување, финансирање и комуникација, со цел посилно влијание врз економските, социјалните и развојните реформи и врз ефектите што соодветните политики ги имаат врз граѓаните.

**Програмски области**

- Сиромаштија, вработување и вештини
- Фискална транспарентност и одговорност
- Секторски развојни политики
- Конкурентност и пристапување кон ЕУ
- Родови и доходни нееднаквости
- Социјално претприемништво и жени
- Миграција и дознаки

ОДГОВОРНОСТ

Copyright © 2019 од страна на Finance Think, Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира или внеси во систем за пребарување или да се пренесува во која било форма или со какви било средства (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходна писмена дозвола од сопственикот на авторските права. Finance Think направи максимални напори да ја осигура точноста на информациите презентирани во овој документ. Меѓутоа, ниту Finance Think ниту кој било од неговите носители на одлуки или аналитичари или вработени може да биде одговорен за какви било финансиски последици кои произлегуваат од употребата на информациите претставени од овде.

**Finance Think**
Институт за економски истражувања и политики
Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 6156 168, www.financethink.mk, info@financethink.mk